Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 73, 30 јануари 2012 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

јануари 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Пољоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 89

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр.2802-82/8 од 40. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 8.11.2011 година, избрани сме за рецензенти за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Основи на технолошко инженерство“ од доц. д-р Винета Сребренкоска,** наменет за студентите од прв циклус на студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата „**ОСНОВИ НА ТЕХНОЛОШКО ИНЖЕНЕРСТВО“** е наменета главно за студентите од Технолошко-техничкиот факултет. Предметот Основи на технолошко инженерство се слуша во I семестар, со седмичен фонд од 2 (два) часа.

Скриптата „Основи на технолошко инженерство“ се состои од осум тематски целини: 1. Вовед – дефиниции и области на технолошкото инжинерство; 2. Структура на материјалите; 3. Облици на структура на материјалите (аморфна, кристална, микро и макро структура); 4. Типови на материјали во технолошкото инженерство; 5. Материјали и енергија; 6. Особини на материјалите; 7. Предмет и задачи на технолошкото инженерство; 8. Видови технолошки процеси и основни принципи во технолошко инженерство (Основи на технологијата на горива; Основи на технологијата на нафта; Основи на технологијата на високомолекуларни соединенија; Основи на технологијата на хемиски влакна; Основи на технологијата на пластични маси; Основи на технологијата на лакови и бои). Таа содржи 85 страници текст, поделени во 24 методски целини илустрирани со слики, каде што е обработен материјал за стекнување на една добра основа од технолошкото инженерство која обезбедува подготовка на студентите за нивно надградување во таа насока.

Предложениот материјал соодветствува на студиската програма и на предвидениот седмичен фонд на часови од 2 (два) часа или вкупно 24 (дваесет и четири) часови во семестар.

Јазикот на којшто е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во неа се технички прецизни. Употребените мерни единици, во предавањата и задачите се во склад со меѓународниот систем на единици. Дополнителна вредност на скриптата е практикумот во кој се дадени дефинициите на мерните единици, правилата за инженерски калкулации, проучувањето на појавите и стандардизацијата и стандардите со примери и задачи за вежбање, што ја прави погодна за самостојна работа.

Според нашите сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Основи на технолошко инженерство на Технолошко-техничкиот факултет при УГД не е објавена.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за интерна скрипта по предметот Основи на технолошко инженерство е сосема во согласност со Студискатa програма и Наставниот план на Технолошко-техничкиот факултет. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му ја препорачуваме скриптата „Основи на технолошко инженерство“ **од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска да ја прифати како ИНТЕРНА (РЕЦЕНЗИРАНА) СКРИПТА.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кирил Лисичков, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Фиданчевска, с.р.**